Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКА ТЕОРИЈА И ПЕДАГОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-55/4 од 26.4.2011 година донесена на осмата седница, одржана на 26.4.2011 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност избра Рецензентска комисија во состав проф. м-р Љупчо Соколов (претседател), вон.проф. д-р Аида Ислам (член) и вон. проф. Илија Пејовски (член), за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 14.4. 2011 година и во предвидениот рок се пријавил кандидатот д-р Илчо Јованов, дипл. музички теоретичар и педагог.

Врз основа на приложената документација Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Илчо јованов** е родена на 27 мај 1962 година во Штип. Основно образование, нижо и средно музичко училиште завршува во родниот град. Образованието го продолжува во Белград, каде завршува средно музичко училиште, отсек Хармоника. Како инструменталист учествува на многу натпревари во поранешна Југославија, меѓу кои и натпреварот кој се одржувал во Соко Бања, каде во 1982 година ја освојува првата награда и го добива називот **Прва хармоника на Југославија** во сениорска конкуренција. Во 1985 година се запишува на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Одделот музичка теорија и педагогија, кој го завршува во 1989 година. По дипломирањето, кандидатот извесно време работи во Домот на ЈНА во Белград, како раководител на народниот и забавниот оркестар. По распадот на Југославија, во 1992 година тој се враќа во Македонија и се вработува во Македонската Радио Телевизија на работното место инструменталист на хармоника и продуцент во Музичката и касетна продукција на МРТВ, а во 1999 година го зазема раководното место уредник за народна музика во Музичко-касетната продукција на МРТВ (раководител на оркестрите за народна музика) и станува повеќегодишен уметнички директор на фестивалот „Цветници“, како и раководител на оркестарот на фолк-фестивалот „Валандово“.

Во 1998 година кандидатот д-р Илчо Јованов се запишува на постдипломски студии на Државната музичка академија „Панчо Владиѓеров“ во Софија (Бугарија) и истите ги завршува во 2004 година, при што се стекнува со академски степен **магистер-музиколог**. Во 2008 година го продолжува своето образование со запишување на трет циклус докторски студии на Регионалната академија при Меѓународниот универзитет во Киев (Украина), каде се стекнува со академски степен **доктор од областа на музичката теорија и педагогија.**

Кандидатот д-р Илчо Јованопв во текот на својата уметничка и музичка кариера учествува на многу фестивали, концерти во Македонија и надвор од неа, автор е на голем број авторски музички дела од областа на народната музика, аранжмани, оркестрации, а за некои од нив добива и врвни награди и уметнички признанија. Денес, тој делува и твори во областа на народната музика, а со својот креативен интелектуален ангажман придонесува за збогатување и унапредување на националната култура и уметност.

Од почетокот на конституирањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Илчо Јованов е поставен за декан на Факултетот за музичка уметност.

Истовремено, покрај оваа раководна функција, тој активно учествува и во наставата на првиот и вториот циклус на студии со повеќе предмети од областа на музичката теорија и педагогија. За таа цел кандидатот изработува скрипти и практикуми кои се неопходни за наставата.

Д-р Илчо Јованов е избран во звање доцент на Факултетот за музичка ументост при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, со Одлука бр.866 од 4 јуни 2007 год. од Рецензентската комисија, формирана од страна на Матичната комисија при основање на Факултетот за музичка ументост во Штип. Од денот на неговиот избор во насловен доцент до денес има дадено голем придонес во развојот на музичко-теоретско-педагошките предмети во Република Македонија.

Наставни активности на додипломски студии (прв циклус) -задолжителни менторски предмети – наставни дисциплини: Солфеж 1, 2, 3 и 4, Музичка теорија и педагогија (2+2), Инструментален оддел (2+1), Соло-пеење (1+1), Етнокореологија (2+2), Методика на музичка настава 2, Музичка теорија и педагогија (2+2); изборни предмети – наставни дисциплини: Солфеж 5 и 6, Атонален солфеж: (2+0).

***Стручни награди и признанија***

Прва награда за аранжман-оркестрација на фестивалот „Гоце фест" – 2008.

***Раководител на студент во учество на студентска манифестација***

Студентски манифестации - натпревари во Скопје и во Софија.

***Рецензент на скрипти***

Историја на музика 1, Хармонија 1, Хармонија 2, Полифонија 1, Инструментална полифонија.

Членства во рецензентски комисии за избор во наставни и соработнички звања

Член во универзитетски и факултетски тела:

- декан на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев" -Штип;
- член на Ректорска управа на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- член на УО на Универзитетски спортски центар на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- координатор на факултетските комисии за проверка на знаење, признавање на испити на група за дошколување, признавање на испити за префрлување - ЕКТС, постдипломски студии и организирање на концерти и настапи.

Член на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

***Стручно-уметнички активности:***

1. Музички настап на официјален концерт во Пула, Хрватска (јули, 2007);
2. Музички настап на официјален концерт во Загреб, Хрватска (август, 2007);
3. Музички настап на официјален концерт во Виена, Австрија (август 2008);
4. Музички настап на официјален концерт во Виена, Австрија (септември 2009);
5. Музички настап на официјален концерт во Белград, Србија (јуни 2007);
6. Музички настап на официјалне концерт во Вараждин, Хрватска (септември 2008);
7. Музички настап на официјален концерт во Љубљана, Словенија (септември 2009);
8. Музички настап на официјален концерт во Скопје, Р.Македонија (ноември 2009);
9. Јованов, И. 2010. Народните инструменти. Зборник на трудови на научен собир организиран од Македонско етнолошко друштво (во печат);
10. Претседател на фестивалот Прва хармоника на Македонија, 2009;
11. Претседател на фестивалот „Гоце-фест", 2010;
12. Труд со оригинални уметнички резултати – Химната на УГД;
13. Трудови со оригинални уметнички резултати – оркестрација и аранжмани (10).

***Учество во образовни РТВ емисии***

Радио Штип – образовна емисија за Научно-стручната конференција на тема „Музичкото образование во предметната настава“, Телевизија А1 –Значењето на предметот Музичко образование во училиштата, УГД - (4) – за активностите на Факултетот за музичка уметност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложените материјали, работната биографија, искуството во наставната и уметничката дејност, како и совесното и одговорно исполнување на работните обврски, може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-уметнички работник.

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот д-р Илчо Јованов ги исполнува критериумите за избор во наставничко звање. Тој покажува способност во научноистражувачка (НИ), стручно-апликативна (СУ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (75 поени) за да биде избран во наставничко звање (182,5 поени).

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно- научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **кандидатот д-р Илчо Јованов да биде избран во насловно звање вонреден професор во наставно-научната област музичка теорија и педагогија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Љупчо Соколов, професор, с.р.**
**Д-р Аида Ислам, вонреден професор, с.р.**
**Илија Пејовски, вонреден професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на д-р Илчо Јованов, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)= 101,5** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 1 | 8 | 8 |
| Интерна скрипта од предавања | 3 | 4 | 12 |
| Интерна скрипта од вежби | 3 | 2 | 6 |
| Рецензент на скрпити | 4 | 1 | 4 |
| Научно-популарна статија | 1 | 1 | 1 |
| Учество во образовна РТВ програма | 6 | 0,5 | 3 |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација | 2 | 1+2 | 3 |
| Предавања на Универзитетот „Гоце Делчев” -Штип | 2007/2008 (4x 1,5 ) + 2,2008/2009(8 x 1,5 ) + 4;2009/2010(8 x 1,5) + 5;2010/20119 x 1,5)+ 6; | | 57,5 |
| Вежби на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип | 2007/2008 (4x 0,2 ) 2008/2009 (6 x 0,2 ) | | 2 |
| Рецензент на соработници и наставници | 5 | 1 | 5 |
| **Научноистражувачка и стручно-уметничка активност (НИ – СУ)= 40** | | | |
| Музички настап на официјален концерт | 4 | 3 | 12 |
| Музички настап на официјален концерт | 4 | 1x2, 3x3 | 11 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Труд со оригинални научни резултати објавено во Зборник од трудови на научен собир | 1 | 1 | 1 |
| Претседател на организационен или научен собир, фестивал | 2 | 2 | 4 |
| Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | 3 |
| Труд со оригинални резултати, музичка композиција | 1 | 1 | 1 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА-ОР) = 41** | | | |
| Декан | 1 | 12 | 12 |
| Програмски одбор на стручен собир | 1 | 2 | 2 |
| Учество на стручен собир | 1 | 1 | 1 |
| Стручни награди и признанија | 1 | 4 | 4 |
| Член на Ректорска управа, член на УО на спортски центар | 2 | 5 | 10 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Координатор на факултетските комисисии за проверка на знаења, признавање на испити на група за дошколување, признавање на испити за префрлување-ЕКТС, постдипломски студии, организирање на концерти и настапи | 5 | 2 | 10 |
| Член на Наставно-научен совет | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | | | **182,5** |